

П Р О Г Р А М А
ЗА
РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА
НА
ЈОУ ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА
„БОРКА ТАЛЕСКИ“
ПРИЛЕП
ЗА 2023 ГОДИНА
(предлог)

БИБЛИОТЕКА
"БОРКА ТАЛЕСКИ" - ПРИЛЕП

Прилеп, Јануари 2023 година

Содржина:

Вовед 3

1.Тековно функционирање на установата 5

2.Инвестициска агенда на Библиотеката 7

2.1. Набавка на нова литература 7

2.2 Збогатување на книжниот фонд во подрачните библиотеки 10

2.3. Набавка на инвентар и опрема за работа 12

2.4. Преадаптација на делови од објектот 14

3.Издавачка дејност на Библиотеката 15

4. Одбележувања на годишнини од раѓањето и смртта на истакнати македонски културни дејци 16

5.Манифестации и настани 18

6.Чување и заштита на книжниот фонд 20

7.Уписна политика на Библиотеката 21

8. Примена на COBISS програмата и сите современи стандарди во дејноста 23

Вовед

ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“ – Прилеп (во понатамошниот текст: Библиотека) во текот на оваа **2023 година** ќе продолжи ефикасно и посветено, со оглед на одобрениот буџет од Министерството за култура и натаму премногу штедливо, но со многу креативност и инвенција да ја извршува својата дејност. Библиотеката согласност со Законот за библиотеки, ќе продолжи со реализација на своите активности за **набавка, чување, издавање на книжниот фонд и заштита на културното наследство, како нејзина основна дејност**. **Ќе врши квалитетна набавка на литература** од сите области: лектирни изданија за учениците, белетристика, енциклопедии, речници, атласи, карти, зборници, списанија и друга литература, со цел да се задоволат потребите на членовите - читатели од општината, од сите возрасти и професии.

Едновремено, **Библиотеката ќе вложи напор да продолжи со публикување и на сопствени изданија, продолжувајќи го континуитетот во** издавачката дејност. На тој начин не само што ќе ја збогати понудата во Одделот за возрасни, туку и Роднокрајната збирка, а со тоа книжевното наследство за генерациите кои допрва доаѓаат. Со ова, впрочем исполнуваме една од нашите примарни обврски и како установа и како современа генерација – библиотекари и воопшто вработени во единствениот храм на книгата во општина Прилеп, па и пошироко. Овде треба да се има предвид фактот, дека од импозантната книжна поставка од преку 140.000 книжни единици, преку 4000 книги припаѓаат на Роднокрајниот оддел, каде што се собираат и чуваат делата на автори кои пишувале и се уште пишуваат за Прилеп и општината и оние кои се родени во Прилеп.

Во рамките на годишната Програма ќе се реализираат и низа други активности. **Информирање, креативно ангажирање и издигнување, како и културно анимирање на читачката публика се задачи на установата, што стојат високо на приоритетната листа. На тој начин веруваме дека 2023, ќе биде година на успешна соработка со творечкиот потенцијал во заедницата,** во процесот на заедничко создавање нова продукција во сферата на културата, на наша иницијатива, како што беше впрочем и минатата година.

Синтагмата „младите и книжевноста“ и годинава ќе остане наша одредница во заложбите, новите млади генерации да ги анимираме од мали нозе, за да станат вљубеници во книжевноста и културата. Почнувајќи со дечињата во претшколска возраст, а потоа продолжувајќи со нашето присуство меѓу учениците во основното образование, ќе настојуваме да ги анимираме и вклучиме во перманентниот процес на создавање и негување нераскинливи релации со библиотеката како примарна установа за нивен влез во книжевноста и културата, ова секако кажано на метафоричен јазик.

И во 2023 година продолжуваме со проектот „Со љубов за граѓаните во трето доба“. Планираме да организираме литературни читања на извадоци од дела од роднокрајните автори, со цел со инклузивен пристап, да ги анимираме овие наши сограѓани. Не само со организација на настани во Библиотеката, туку и во домот за стари лица „Киро Крстески-Платник“ во Прилеп, а и преку соработка со Здружението на пензионери и здруженија на жени пензионерки, од градот.

Библиотеката останува на заложбите да биде **центар на информацијата,** средиште на домашната и светска книжевност и наука во градот и општината. Во тие рамки ќе се организираат **промоции, трибини, предавања, книжевни средби, матинеа, вечерни културни настани, изложби на книги, уметнички слики, презентации на народното творештво, на рачните изработки на нашите сограѓани-занаетчии, жени-домаќинки, жени-активистки во разни здруженија.**

Ќе настојуваме настаните да добијат м**ултимедијална димензија, во склад со потребите за културна аспирација на современиот човек. Планираме и филмски вечери, вечери посветени на музичката култура, на ликовната уметност, модата како културен израз на индивидуата и заедницата, презентации за достигнувањата во дигиталното библиотекарство, разни натпревари, конкурси, ораторски вечери** ... Планирани се средби со истакнати творци, автори кои што своите знаења и творечко искуство ќе го пренесат на младите автори и автори почетници, аматери во своите обиди за книжевен израз. Планирани се евенти со стручни осврти на истакнати македонски научници.

Во овој дел од Програмата, Библиотеката планира перманентно да ја јакне и продолжува својата улога во процесот на интензивна афирмација на современиот македонски литературен јазик, неговите вредности, особености и неговото место во светската лингвистика, преку стручни, научни осврти и анализи на македонски академици за делата на истакнати македонски писатели, како и литературни читања и дебати.

Со учество во и организација на **меѓународни проекти** ќе се врши размена

на искуства, промоција на сопствените книжевни, библиотечни дострели во меѓународни размери.

Низ книжевни чествувања **ќе се одбележуваат и годишнините на маркатни имиња од домашната и светската книжевност**. Во тие рамки посебно место во Програмата имаат годишнините посветени на еден од кодификаторите на современиот македонски јазик, Блаже Конески, на македонските поети Ацо Шопов и Кочо Рацин, на значајниот претставник на македонската книжевност во XIX век, писателот Григор Прличев, на авторот на првата печатена македонска граматика и еден од првите речници на македонски јазик во XIX, Ѓорѓи Пулевски, на Ѓорѓи Абаџиев, Димитар Солев, Васил Куновски и многу други репрезенти на македонската книженост низ вековите.

Годинава во зависност од средствата што ќе ни бидат на располагање планирани се **инвестициски зафати, со** кои ќе се зголеми хигиената, организацијата на просторот во функција на дејноста, како и поголема енергетската ефикасност во установата, аспект особено значаен во времиња кога се соочуваме со енергетска, економска, а од неодамна и здравствена криза.

Сите активности се во една насока, Библиотеката во Прилеп, да ја остварува својата **мисија: развој на библиотечната и информацискатa дејност и истражувања во доменот на заштита на библиотечните добра и постапките за валоризација, категоризација и ревалоризација на збирки библиотечни добра.**

Библиотеката на граѓаните на општина Прилеп и поширокиот регион, треба да им обезбеди доволен пристап до информации, непречен процес на учење, образование, писменост преку користење на книжниот фонд и другите услуги. Така граѓаните ги јакнат своите културни, духовни и демократски потенцијали.

1.Тековно функционирање на установата

Јавна општинска установа (ЈОУ) Градска библиотеката „БоркаТалески“ – Прилеп, располага со приближно 1000м2 простор во центарот на градот, во објектот каде што е сместен центарот за култура „Марко Цепенков“. Согласно со Одлуката бр.07-302/4 од 10.03.2004 година, за преземање на основачките права од Градска библиотека „Борка Талески“ - Прилеп, нејзин основач е Советот на Општина Прилеп. Оттука и обврската на установата за презентирање и доставување на оваа годишна Програма за својата дејност и работа, до општинскиот Совет.

Оваа 2023 година установата ја почнува со 14 вработени (од редовите на вработените, на конкурс е избран директор) и согласно со законските регулативи, како непрофитна локална установа од сферата на културата, ја има обврската да биде центар на информации и сервис на граѓаните за дејноста што ја обавува. Установата располага со фонд од преку 140.000 книжни единици. Најголем дел се сместени во објектот во центарот на градот, а помал дел во двата библиотечни клона, во просториите во населбата Варош и населеното место Тополчани.

Програмата за работа на Библиотеката за 2023 година, поаѓа од финансиската рамка, дефинирана во финансискиот план за 2023 година на сметката за блок дотации „903“, од којшто се гледа, дека установата ќе може да располага со 12.572.000 денари, блок дотации од Министерството за култура. Од нив 9.171.000 денари се резервирани на двете ставки за исплата на нето плати и придонеси за вработените за тековната 2023 година. Што значи останууваат 3.401.000 денари со кои што треба да се обезбедат минимум услови за работа на установата. Најголем дел од овие средства 1.125.000 денари се резервирани за комунални услуги на ставката „421“ или поконкретно 900.000 денари од нив се наменети само за струја на потставка 421 110. Останатите 225.000 денари, минимални средства се наменети за исплата на обврските за вода, комуналии, поштенски и телефонски услуги и други трошоци за комуникации.
Во моментот на поднесување на Програмата до Управен Одбор и до Совет на Општина Прилеп, не е изготвена завршна сметка, така што немаме точен увид, колкави суми останууваат неискористени од буџетот од 2022 година. Меѓутоа веруваме дека дополнително тие буџетски средства ќе бидат ставени на располагање со ребаланс на буџетот во тековната 2023 година, со цел да се реализираат многу други планирани активности. Сепак најбитно е да се истакне дека установата продолжува да функционира со огромно штедење и со максимални напори се заложува да ги движи сите процеси во позитивен правец.
Во Библиотеката се негуваат надежи дека оваа 2023, ќе биде година кога ќе се реализираат нови вработувања, така што ќе се постигне релативно добра кадровска екипираност. Стручните кадри-каталогизатори, се пензионираат во 2023 година, така што во установата неминовно е да се вработат нови кадри, коишто преку континуирани едукации ќе стигнат до ниво на библиотекари-каталогизатори, но и стручњаци во други библиотечни аспекти со што ќе се овозможи непречена работа, колку во процесот на зајмување на литература, толку во процесот на стручна обработка, особено на новонабавената литература.
Се разбира дека секое ново вработување повлекува ангажирање на

дополнителни финансиски средства, коишто веруваме дека ќе бидат обезбедени од Министерството за финансии, по аналогија што важи за сите јавни библиотеки во државата. Во спротивно за исплата на плати за нововработените (доколку се добие согласност за нови вработување) ќе треба да се обезбедат средства од другите ставки, коишто пак се неопходни за тековно работење на установата. Извесно релаксирање во тековното работење ќе биде буџетот од сметката за сопствени приходи „787“, од каде што според планот во 2023 година треба да се остварат 1.500.000 денари.
Во секој случај и оваа 2023 година, иако постпандемиска Библиотеката ќе се соочува со сериозни предизвици, на патот на обезбедување доволно средства за непречно функционирање на установата во сите аспекти, за ангажирање на капацитетот, неопходен за една јавна општинска установа во сферата на културата.

2.Инвестициска агенда на Библиотеката

2.1. Набавка на нова литература

Библиотеката во Прилеп како единствен регионален центар на културата и културните настани, книжевноста, културното пишано наследство и богатство во општината, мора перманентно да работи на збогатување на книжниот фонд. Според тоа набавката на **нова литература (книги, списанија, речници, енциклопедии, атласи, карти, зборници** ...) е обврска согласно со законските регулативи, но, и императивна задача за раководниот и стручен кадар.
Приоритет во набавката ќе има и годинава **училишната литература,** што значи лектирните изданија, набавка усогласена со наставните програми во училиштата. Одделот за деца ќе биде збогатен со **сликовници, детски списанија, енциклопедии, лектирни изданија и забавна литература за деца** од најновата издавачка продукција.
Библиотеката ќе биде отворена за посети на деца и ученици од сите возрасти, во рамките на воспоставената соработка со детските градинки и сите основни училишта од општината. Ќе бидат презентирани содржини кои значат афирмација на работата на Библиотеката, и коишто се во функција на запознавање и приближување на книгата до најмладите генерации.
Стручниот совет и овој пат ќе направи **избор** и ќе предложи **книги од најновата продукција на македонските издавачки куќи**, кои што ќе бидат ставени на располагање за потребите на возрасната читателска

публика. Ќе се набави **белетристика, стручна литература, периодика, како и странска литература.**

Одделот за **странска литература располага со богат книжен фонд,** којшто е баран од страна на читачката публика. И година ќе се збогатува со монографски и сериски публикации. Ќе се набавува литература со купување книги, но и преку **донации од автори - поединци, културни центри, амбасади, канцеларии, од невладини организации во државата и од странство.**

Ќе се набавуваат нови наслови на белетристика. Ќе се купуваат речници, лексикони, стручна литература и списанија на странски јазици. Ќе се вложат напори за повторно заживување на т.н. катчиња за странска литература на англиски, француски, италијански, руски, германски и други јазици и за отворање на нови катчиња со литература од продукцијата на балканските држави.

За таа намена со овој буџет се планирани 410.000 денари од двете сметки. Со ребалансот на буџетот, со средствата кои ќе ги оставиме на нашата сметка како заштеди од минатата за оваа 2023 година, а и доколку постои можност да се обезбедат дополнителни средства од донации, тогаш книжниот фонд ќе биде збогатен многу повеќе. Што значи дека и годинава, останува нашата засилена активност во насока на барање нови донации со цел поквалитетна реализација на Програмата. Ќе се бара поддршката од бизнис секторот и овој пат, во рамките на програмите за општествена одговорност на компаниите, да оддвојат средства за книги и за читачката јавност во Прилеп, во двата оддела: за деца и возрасни.

Во набавката на литература, многу битна улога имаа досега, и ќе имаат во иднина донациите од матичната, Национална и универзитетска библиотека (НУБ) „Свети Климент Охридски“ – Скопје. Од Универзитетската библиотека, од Македонската академија на науки и уметности (МАНУ), од културни центри, здруженија, граѓани поединци очекуваме донации и годинава. Овие се начините преку кои и во 2023 година ќе се збогатува фондот со нови изданија. Во овој контекст да напоменеме дека читачката публика во Прилеп, жанровски е вљубеник претежно во белетристиката, која што условно кажано е многупати поскапа литература споредено со цената на книгите наменети за детскиот оддел.

Библиотеката има обврска да го збогатува фондот и со купување книги од роднокрајни автори и од автори кои што пишуваат за Прилеп и Прилепско. Често доаѓаат автори кои ги нудат своите книги за откуп, но имајќи ги предвид ограничените средства, тешко е да се купуваат книги од секој автор што ќе понуди. Од друга страна набавката, откупувањето на книги во кои што се третираат роднокрајни теми е значајно за самите автори, бидејќи на овој начин како установа, даваме еден скромен придонес во

процесот на стимулирање на роднокрајното творештво.
Во рамките на деловната политика за збогатување на оваа збирка, но и со цел, негување на комуникациите и соработката со своите целни групи, особено е битно установата на овој план редовно да купува одреден број примероци од годишните изданија на членовите на Клубот на литературни творци - Прилеп, токму за потребите на Роднокрајната збирка.
Целта на овој оддел во библиотеката кој што функционира независно од другите е впрочем да биде **хроничар на пишаниот збор, литературното творештво, публикувано или оставено во манускрипт, а поврзано со Прилеп и Прилепско.** Библиотеката ќе продолжи со купување на литература од роднокрајните автори, а секако голем придонес за оваа трајна книжна поставка ќе имаат евентуални нови ракописи на роднокрајни и автори коишто во своите дела обработуваат теми од животот на градот и околината пред години, децении, од реномирани роднокрајни автори кои оставиле белег во македонската книжевност.
Освен со нови публикации **роднокрајниот оддел ќе се збогатува со магистратури и докторати, документи, носачи на аудио и видео записи, музички записи, карти, ситен печат** и други изданија кои во фокусот го имаат нашиот роден крај.
Наша порака и оваа 2023 година е преку овој оддел, да оставиме вредно книжевно и културно наследство, кое што ќе биде сведоштво за континуитетот и квалитетот на животот на нашите простори. Со ова практично и како Библиотека го даваме својот придонес во македонската книжевност и култура.
Постановката **која што брои преку 3000 наслови,** професионално,но и етички и според кодексот на библиотекарите, треба грижливо да се чува, негува и штити. Ова роднокрајно творештво, треба да се збогатува и предава на следните генерации.
Паралелно Библиотеката ќе продолжи со својата деловна политика на збогатување на **Раритетната поставка**, која што засега **брои преку1000 книги, манускрипти, ракописи, фотографии, скици, аудио касети**...
Сите овие ретки и вредни примероци, се чуваат во установата, досега не се издаваа за јавноста, бидејќи постои опасност од нивно оштетување. Меѓутоа со набавката на професионален копир апарат и скенер за дигитализација во 2022 година, практично оваа 2023 година, по спроведена едукација за ракување со оваа опрема и за стручна обработка на книжниот материјал кој ќе се презентира во дигитална форма, ќе овозможиме и овие дела, книги, раритетни изданија од оваа наша збирка да бидат на дофат на читачката јавност. На овој начин ќе овозможиме раритетната збирка да биде уште позаштитена, а нејзината книжевна вредност уште поголема, адекватно на тоа и придонесот на нашата установа во збогатување на

книжниот фонд и културното книжно наследство кое обезбедува посебно место на Библиотеката во македонската мрежа на библиотеки, како културни центри на современото општество.
Постпандемиски установата ќе продолжи и со набавка на периодика, во смисла на набавка на дневен, неделен, месечен печат. Меѓутоа и на овој план, поставката на установата ќе ги евидентира сите нови изданија на дневните весници: **„Нова Македонија“ и „Вечер“, печатените изданија на „Службен весник“, а од минатата година е задолжително и електронското издание** на овој весник. Во соработка со **НУБ „Свети Климент Охридски“ - Скопје**, установата ќе добива нови броеви на **многу стручни списанија, месечни, квартални и годишни публикации од разни области**.
Поаѓајќи од досегашните искуства, како и соработката со повеќе **наши сограѓани**, очекуваме дека и во 2023 г. ќе продолжи трендот на дарување вредни книжни примероци од нивните **приватни библиотеки.** Овие донации од вљубениците и почитувачите на литературата, но и истакнати современи дејци, од разни сфери, даваат придонес и зголемена вредност на вкупниот книжен фонд на Библиотеката.
Плановите со набавка на книги, мора да се реализираат. За таа цел ќе бидат ставени во функција сите алатки коишто ни стојат на располагање. Ќе се вложуваат како и досега огромни напори за да ја збогатуваме целата книжна поставка, а особено најзначајните од книжевен аспект: Роднокрајната и Раритетната збирка, како и фондот од најбараниот жанр од читателите - белетристиката.

2.2 Збогатување на книжниот фонд во подрачните библиотеки

Книжниот фонд во библиотеката во населбата Варош е внесен во COBISS системот и брои 5044 книги. Оваа активност како и набавката на компјутерска опрема (компјутер, печатар, апарат за пластифицирање на членски карти и фискален апарат) се елементарен предуслов за продолжување со работа на оваа подрачна библиотека, по повеќегодишна пауза. Доколку се реализираат доволен број нови вработување во 2023 година, подрачната библиотека ќе продолжи со непречена работа. Но, доколку и натаму остане кадровскиот недостиг, проблемот ќе остане. Сепак, имајќи ги предвид потребите на читателите во овој дел од градот, ќе се вложат напори, установата да биде отворена за читателите барем два дена од работната недела. Дополнителната причина зошто овој план не беше реализиран во текот на зимскиот период, лежи и во владините препораки и наредби за енормни заштеди на електрична енергија и

најавите дека ќе се компарираат нумерички потрошените киловати со претходните години. Ова секако е сериозен хендикеп за извршување на нашата дејност, бидејќи во време на пендемија установата работеше рестриктивно, а продолжување на ваквата рестриктивна работа, не значи заштеда, туку намалување на обемот на работа на Библиотеката и скратување на услугите на читателите.

Од друга страна извршениот ретроактивен внес на литературата, значи осовременување на процесот на работа и во оваа подрачна единица. Така што книжниот фонд ќе може континуирано со секоја нова набавка да се збогатува и во оваа подрачна единица и да биде ставен на располагање на читателите.

Што се однесува до книжниот фонд во подрачната библиотека во населеното место Тополчани, целосната слика за неговата состојба и функционалност ќе се знае по завршување на ревизијата популарно позната како попис на книжниот фонд, којшто согласно со закон, регуларно се спроведува на секои 5 години. Пописот на целиот книжен фонд на Библиотеката (преку 140.000 книги) почна во 2022 година, а треба да заврши годинава. Оваа комплексна постапка имплицира и отпис на нефункционална литература и неупотребливи библиотечни единици, оштетени, стари, искинати... Според тоа, имајќи го предвид фактот дека овој библиотечен фонд долго време не е во функција од една страна, а од друга страна поради лошата физичка кондиција на објектот каде што е сместен, по завршување на пописот и отписот ќе се добие точна слика со колкав фонд располага подрачната библиотека. Во меѓувреме ќе се бараат решенија, скромната библиотечна поставка да биде дислоцирана во траен или монтажен објект во населеното место Тополчани, којшто ќе може да биде во функција и ќе биде безбеден од секој аспект.

Објектот каде што некогаш била сместена месната заедница во Тополчани, а каде што во моментов се наоѓа овој библиотечен клон се распаѓа со години. Подрачната библиотека не функционира најмалку 8 години. Конечната одлука за активирање на библиотечниот фонд, ќе ја даде стручната комисија, откако ќе се утврди дали и колкав дел од оваа литература треба да се обработува во COBISS. Ова откако ќе се спроведе целосно постапката согласно со закон.

Овде мора да се истакне и фактот, дека повторното отворање на библиотечниот клон во населеното место Тополчани не ги решава потребите за литература на жителите од другите населени места кои гравитираат во овој регион: Ерековци, Канатларци, Чепигово и др. Според тоа, продолжуваат заложбите на Библиотеката во правец на изнаоѓање средства за набавка на еден т.н. „библиобус“, адаптирано возило во кое ќе се смести дел од книжниот фонд. Со библиобусот најмалку еднаш во

неделата би се посетувале населените места и на одредени пунктови би им се издавале книги на читателите. Тука би се вршела размена и нови зајмувања на потребната литература. Но, и за ваква активност, неопходни се нови вработувања, покрај набавка на библиобус.
Напорите на Библиотеката за остварување на оваа цел, ќе продолжат, бидејќи обврска на установата е да обезбеди пристап на книгите, литературата, во преносна смисла на културата, до сите граѓани, најмногу до младите – учениците и студентите.
Во отсуство на функционална подрачна библиотека, освен библиобусот како алтернатива, за вљубениците во книжевното творештво од сите возрасти, во соработка со основното училиште „Круме Волнароски“ во ова населено место ќе бидат организирани литературни читања и дружења.

2.3. Набавка на инвентар и опрема за работа

Библиотеката во 2023 година планира набавка на библиотечни полици во просторот пред пултот и во големата сала. Целта на оваа набавка е да се зголеми просторот за сместување и издавање на литература за деца и возрасни, бидејќи Библиотеката располага со ограничен простор, а магацинот што се наоѓа на меѓукатот е максимално искористен.

Освен тоа планот на Библиотеката во рамките на деловната полика за афирмација на своето библиотечно вредно наследство – книжевно богатство, планира набавка на витрини во кои што ќе биде сместен репрезентативен дел од Роднокрајната и Раритетната поставка. Со оваа набавка, ќе биде зачуван, заштитен овој вреден материјал, а дел од него, како трајна раритетна поставка, ќе ја краси установата и ќе ја збогати локалната културна понуда и атрактивност, колку од научен, книжевен, толку и од туристички аспект. Библиотеката располага со околу 1000 ретки книги, ракописи, манускрипти, фотографии, карти ... и друг библиотечен материјал, којшто ја чини вредна оваа постановка. Овој библиотечен материјал е посебност, особеност на установата, зашто поставката е со непроценлива книжевна вредност. Поставката е создавана со години посветена работа на библиотекарите и секоја година збогатувана на различни начини. Преку истражувања, донации на литература и материјал купуван од првите сопственици, нивни наследници, од авторите и нивните семејства, граѓани кои што на различни начини дошле до вредни материјали, коишто сами по себе раскажуваат приказни, историја за овие наши простори, за настаните коишто се случувале овде и кои нé карактеризираат како народ, кои говорат за нашите обичаи, традиција, фолклор, култура. Библиотечен материјал напишан од автори родени овде,

во нашата општина и автори кои живееле, или ги посетиле нашите простори, а своите импресии подоцна ги „оживеале“ во книжевни дела, кои се дел од поставките. Финансискиот кусок, секогаш бил причина, што овие вредни поставки, досега, не биле адекватно чувани и изложени пред очите на јавноста. Императивна обврска на установата е овој библиотечен материјал како ретко и репрезентативно културно наследство да биде соодветно штитен и чуван, адекватно на тоа и предаден на чување и грижа, на генерациите по нас.

Имајќи ги предвид ограничените финансиски средства на установата, плановите се преку донации да обезбедиме финансирање на овие активности, кои ќе го решат проблемот на Библиотеката со недостиг на магацински простор. Воедно ќе ја зголемат функционалноста на установата и олеснат работата на дел од кадарот. Едновремено ќе ја зголемат и можноста на читателите за пристап до што поголем фонд од литературата со која располага установата. Иако Библиотеката располага со огромен број единици, често читателите имаат впечаток дека може да избираат само од книгите кои што се изложени на просторот пред пултот за издавање книги.

Библиотеката во рамките на своите инвестициски планови во 2023 година, планира да инвестира во електронски систем за издавање на книги, со што ќе ги следи современите трендови во библиотекарството, ќе ја зголеми понудата за читачката јавност, ќе ја олесни комуникацијата со литературата којашто е веќе внесена и обработена во Cobiss системот. Овој систем опфаќа вградување на RFID читачи во книгите, софтвер кој овозможува миграција на податоците за книгите со вграден читач, поточно целосен систем за испорака и монтажа на самоуслужен пулт за книги за читателите. Оваа новина би била имплементирана за прв пат во нашата установа и ќе ја отвори можноста да се зголеми пристапот на читателите до литературата која што се наоѓа во магацинот. Реализацијата на оваа набавка значително ќе го подобри квалитетот и брзината на услугата во установата, а вработените ќе имаат можност за дополнително ангажирање во правец на посодржинска понуда на литературата на читателите.

Оваа новина и набавка, заедно со напорите за зголемување на библиотечниот фонд, ќе го зголемат во голема мера квалитетот на услугите што ги нуди установата. Внесување на една ваква новина, значи современ пристап во работата во буквална смисла на зборот.

Набавка на витрини и полици		
Вид на набавка	Вредност денари	Месец

Витрини за книги	300.000 ден.	Април-мај
Полици пред пултот	1.000.000 ден	Мај-јуни
Полици во сала	1.000.000 ден	Септември
е-систем за издавање книги	730.000 ден	Април

2.4. Преадаптација на делови од објектот

Со цел поголема енергетска заштеда, организација на работата, поквалитетна понуда во смисла на организирање настани, работата на читалните итн. Библиотеката има потреба од дополнителни активности за преуредување на делови во објектот што ни е даден на користење, а е во рамките на домот за култура.

На прво место е канцелариски простор во административниот оддел.

Овде е неопходна реорганизација на просторот, со цел полесна и поефикасна комуникација на кадрите ангажирани за извршување на административните обврски.

Реконструкцијата на тоалетите, исто така е дел од плановите на установата. Проектите се готови веќе 2 години, но чекаат финансиска можност, за да се реализираат. Санитарните јазли во Библиотеката се во незавидна состојба и бараат итна интервенција. Но, дали воопшто ќе се реализираат овие проекти, кои се уште чекаат подобри времиња ќе зависи од тоа, дали ќе успееме оваа 2023 година, да обезбедиме дополнителни средства. Негуваме надежи дека годинава ќе наидеме на поддршка во политиките за општествена одговорност на бизнис секторот во градот. Ако овие надежи се остварат, тогаш дел од установата ќе биде пофункционален, енергетската ефикасност поголема, а недостигот со кадар лесно премостен.

Реализацијата на овие проекти е предуслов за да во иднина се премине примарно кон изработка на основни проекти, а потоа и темелна реконструкција на просторот каде што е сместен магацинот и малата сала, која што во овие услови, има функција на магацински простор и остава.

3.Издавачка дејност на Библиотеката

Градската библиотека „Борка Талески“ планира и во 2023 година, своја продукција, поточно континуитет во издавачката дејност. Се планира издавање на две значајни дела. Во рамките на едицијата: Роднокрајно творештво книга II, публикување на „Зборник на раскази од прилепски автори“ (продолжение на книга I – „Зборник на песни од прилепски автори“, 2020).
Освен тоа планирано е издавање на стручна книга, наменета за улогата на јавната библиотека во кризни услови, која што ќе послужи и како прирачник на сите јавни библиотеки во земјава.

Издавачка дејност	
Зборник на раскази од прилепски автори	60.000 ден.
Улогата на јавните библиотеки во време на криза	100.000 ден.

Двете дела ќе имаат значајно место во „Роднокрајната поставка“ на Библиотеката. Првото дело е продолжение на воспоставените и негувани комуникации и соработка со роднокрајните автори чие што творештво е дар за книжевноста. На објавен конкурс, нивните раскази се оценети од стручна комиција на тројца истакнати писатели. Рангирани се три најдобри раскази. Авторите на останатите ќе добијат сугестии да ги доработат своите раскази и повторно пратат на е-маил на установата, со цел што поскоро да бидат публикувани во делото со наслов: „Зборник на раскази од прилепски автори“, како книга II од едицијата „Роднокрајно творештво“.
Втората книга работена на стручна тема: улогата на јавната библиотека во време на криза, ќе значи сериозен придонес во библиотечната дејност во целата држава. Се работи за тема, којашто не е третирана темелно од стручен аспект досега, а потребата од ваква стручна литература, којашто би била и прирачник во кризното менаџирање на јавните библиотеки е повеќе од потребна, особено по појавата на пандемијата на „Ковид-19“.
За ова второ дело, ќе се побара финансиска поддршка од Министерството за култура.
Библиотеката ќе вложи напор, годинава да издаде барем еден број на списание за култура со работен наслов „Културни бисери“, кое што

планира да почне да го публикува. Прилеп е град којшто ѝ даде на својата земја, десетици великани, извонредни културни дејци во сите сфери на културата и уметноста, на социо-културата. Оттука според нашите оценки градот треба да има свое гласило, кое што ќе биде современ и редовен бележник на културниот изблик низ времето, хроничар на културната понуда, со посебен осврт на придонесот, влогот, на наследството што ни го оставија, што ни го „предадоа“ на чување, за да им го предадеме на тие по нас. Библиотеката како центар на информирањето, центар на гравитацијата на културната јавност, установа со најголема фреквенција на посетители, и во која што членуваат повеќе илјади граѓани, впрочем има таква обврска. На овој начин, не само преку роднокрајната книжна збирка, туку и со своја периодика, ќе го дадеме придонесот во промоција на сопствената продукција, промоција на роднокрајните автори, на нашиот град, на македонскиот јазик, писменост и творештво во земјата и надвор од неа, преку електронско издание кое што би се подготвувало во следна фаза.

4. Одбележувања на годишнини од раѓањето и смртта на истакнати македонски културни дејци

Во агендата на одбележувањата на значајни датуми од животот на истакнатите културни дејци кои оставаат печат на локалната и национална книжевност, култура, историја на културата ... на највиско место се деновите на раѓањето и убиството на нашиот патрон Борка Талески.

По повод втори март - денот на убиството на патронот, Библиотеката од годинава ќе почне со доделување признание –„Плакета“ со ликот на Борка Талески, на истакнати културни и општествени дејци, соработници, кои со својата работа го поттикнале функционирањето на Библиотеката, културниот живот во градот, општината, кои се вложиле во развојот на културата во поширока смисла на зборот.

По 78 години постоење, Библиотеката во Прилеп, има доволно општествен културен влог, за да на ваков начин го стимулира културниот придонес во заедницата.

По повод денот на раѓањето на патронот-19 јули, пак ќе се презентираат содржини за афирмација на работата на Библиотеката, со кои што читачката јавност ќе ја приближиме до нашата работа, а со тоа ќе ги детектираме уште повеќе потребите на нашиот аудиториум.

Во агендата на одбележувања, високо место посветуваме на 120 годишнината од убиството на македонскиот војвода, национален херој, учесник во македонското револуционерно движење, учител, културен деец, идеолот на македонската кауза, Гоце Делчев (1872-1903), на 4 мај, во

БИБЛИОТЕКА
„БОРКА ТАЛЕСКИ“ ПРИЛЕП

Баница. По тој повод во Библиотеката ќе се одржи настан со присуство на историски експерти кои ќе говорат за ликот и делото на Делчев, и неговиот придонес на патот на признавањето на македонската држава и нација.
Оваа е година, кога македонската книжевност и културна историја бележи годишнини од упокојувањето на Григор Прличев (1830-1893) македонски писател од времето на романтизмот и значаен претставник на македонската книжевност во XIX век. Според Македонската енциклопедија, Прличев е писател кому Македонија му била и љубов и судба и болка и очај и неопходност и тага и лулка и гроб.
Истата 1893 година се упокоил и Ѓорѓија Пулевски (1817-1893). Библиотеката ќе ја одбележи 130 годишнината од смртта на авторот на првата печатена македонската граматика и автор на еден од првите речници на македонски јазик.
Ќе ја одбележиме и 100 годишнината од раѓањето на Ацо Шопов (1923-1982), истакнатиот македонски поет и преведувач, член на МАНУ, еден од основноположниците на современата македонска поезија.
Установата ќе ја одбележи 30 годишнината од смртта на Блаже Конески (1921-1993) „џинот од Небрегово“, еден од кодификаторите на современиот македонски јазик, академик, поет и писател, културен и јавен работник, универзитетски професор, историчар, филолог, лингвист, преведувач, најмаркантната личност од современата историја на македонската книжевност, култура и јазик.
Оваа 2023 година се навршуваат 60 години од смртта на Ѓорѓи Абаџиев (1910-1963) македонскиот раскажувач, романописец, историограф, публицист и сценарист, авторот на романите „Арамиско гнездо“, „Пустина“ и други значајни дела во македонската книжевност.
Едновремено ќе ја одбележиме 80 годишнината од убиството на Кочо Рацин (1908-1943) македонски книжевник, поет, еден од основноположниците на современата македонска книжевност, автор на збирката „Бели Мугри“, една од најзначајните дела во македонската современа поезија.
Од современите македонски културни дејци, годинава се навршуваат 20 години од смртта на Анте Поповски (1931-2003) македонски поет, есеист, преведувач, публицист. Ќе се навратиме на неговиот придонес во македонската книжевност.
2023 е година кога се навршуваат 80 години од убиството на народните херои: Мирче Ацев (1915-1943), Трајко Бошкоски – Тарцан (1918-1943), Страшо Пинџур (1915-1943) и други, според тоа Библиотеката во знак на почит кон нивното дело, кон традициите од НОБ, нашата историја од времето на НОБ, ќе одржи историски час, навраќање кон придобивките од НОБ, и придонесот на Прилеп и прилепските борци во денешната слобода,

во времиња кога „се будат сеништа“ од минатато и се засега по македонската самобитност, историја, државотворност, нација.
На 2 декември 1923 во Њујорк е родена Марија Калас, грчка сопранистка со американско потекло, една од најреномираните оперски певици на XX век. Во знак на почит на делото на уметницата од светски ранг, ќе се осврнеме на македонската музичка култура, организирајќи настан во соработка со истакнати стручњаци од оваа сфера.
Годинава изминуваа 120 години од смртта на Џорџ Орвел (1903-1950) англиски романописец и есеист, новинар и книжевен критичар, кој во своите романи на ниво на сатира и дистопија ги обработува современите општествени процеси. Читачката јавност во Библиотеката се уште со жар го бара неговиот алегориски роман „Живинарска фарма“ и дистописките роман „1984“. Ќе се осврнеме на делото на овој писател кој создавал книжевна критика и поезија, фикција и полемично новинарство во XX век и кој остави траен печат во социјалната критика, рационалната проза во својот краток 47 годишен живот.
Ог Мандино (1923-1996) американски писател и автор на повеќе книжевни дела, од жанрот на самопомош. Автор на Бестселерот „Најголемиот трговец на светот“, книга публикувана во над 50 милиони примероци, преведена на над 25 јазици и се уште меѓу најчините во нашата Библиотека.
Сè на сè ќе понудиме богата и разнообразна програма за одбележување со мултимедијален пристап, и убава можност за негување на традициите, но и збогатување на културната понуда во градот.

5.Манифестации и настани

Библиотеката како посебен правен субјект со својот кадровски потенцијал од 14 вработени (покрај директорот во административно-правна и финансиска служба има уште еден (1) вработен, даватели на услуги осум мина (8) и помошно – технички персонал од четворица (4) обавувајќи ги своите секојдневни активности продолжува да ја извршува улогата и обврските на културен, книжевен и информативен сервис на читачката публика, на граѓаните на општина Прилеп.
Поаѓајќи од овие заложби, Библиотеката ќе стави посебен акцент и врз анимацијата на младата популација. Во соработка со педагошкиот кадар во предучилишните установи, наставниот кадар во основните и средни училишта во градот и околните населени места ќе продолжат традиционалните посети и организирање средби и настани за децата и

учениците, со цел нивно што поголемо запознавање со вредностите на македонската култура, јазик и книжевност**.** Целта е особено кај основците, да се развие потребата за читање книги и престој во библиотеката, како установа каде што тие можат да ги користат сите бенефити од пишаната литература, плодовите од делата на илјадници реномирани автори, бенефитот на едно „книжевно море“ од литература која што чека да биде ефектуирана во знаењето на сите генерации, особено младите.

Во рамките на соработката со училиштата во општината ќе бидат организирани натпревари и конкурси: **за млади библиотекари, за најдобар краснопис, за најдобра рецитација, како и најдобра лична творба.** Настаните повторно се враќаат во просториите на Библиотеката, каде и што се доделуваат наградите како свечен чин на наградување на учениците и изразување благодарност за соработката со нивните ментори и училишта.

Библиотеката ќе посветува внимание и на **граѓаните во трето доба, во рамките на проектот „Со книга и љубов за граѓаните во трето доба“. Се планираат активности за нивна анимација**, во домот за стари лица **„Киро Крстески – Платник“ во Прилеп**, во просториите на Здружението за пензионери, но и во соработка со здруженијата на жени од градот.

Целта на проектот е да се внесе повеќе топлина, радост и љубов во животот на овие наши сограѓани. Планирани се читачки средби со цел што поголема инклузија и похуман пристап кон овие граѓани. За читачките средби ќе бидат избирани содржини и дела пред сè од македонски автори, романи, поезија, извадоци од делата на Марко Цепенков, Блаже Конески, Ристо Крле, Живко Чинго, Стале Попов, Петре М. Андреевски, Ацо Шопов и други. Покрај читачките средби во соработка со здруженијата и невладиниот сектор ќе се организираат изложби на рачни изработки, плетеници, дрвени предмети и др. занаетчиски изработки и експонати кои што се дело на вредните раце на пензионерите и нивната посветеност во хобито што го негуваат. На тој начин и ќе се анимираат пензионерите во одбележување на значајни датуми во календарот на локални, но и датуми кои се чествуваат ширум светот.

Во рамките на редовната програма ќе се одржат **промоции на книги, ораторски вечери, матинеа, „вечери со...“, трибини, изложби, предавања, културни средби со познати автори, конкурси, натпревари**, но и работилници за помош и поддршка на креативно пишување на талентирани ученици и млади луѓе.

За 2023 година Библиотеката планирање отворање на трајна изложба на дела од прилепските уметници-сликари и скулптори. Во соработка со авторите се откупуваа (за минимални износи) дела од уметниците работени во разни сликарски техники ... Оваа трајна поставка ќе биде

изложена во салата, така што целата јавност ќе биде во можност да ја посетува. Во соработка со Клубот на ликовни уметници од градот, ќе биде организиран евентот, со цел на прилепската и македонската јавност воопшто, да ѝ се доловат уметничките вредности, ликовниот и уметнички потенцијал на градот, културните вредности кои се гордост на Прилеп.
И годинава ќе продолжи соработката со сите целни групи поддеднакво.
Се планира одржување на културни настани по разни поводи:

- ✓ Одбележување на Меѓународниот ден на детската литература, 2-ри април;
- ✓ Одбележување на Светскиот ден на книгата и авторското право - 23-ти април;
- ✓ Посета на библиотеки, саеми, манифестации посветени на книгата во земјава и странство;
- ✓ Организирање на активности во соработка со основните и средните училишта, посветени на значајни личности од областа на науката, културата, литературата, уметноста, музиката, а со цел нивна популаризација и подигнување на нивото на културни спознанија на учениците и др.

6.Чување и заштита на книжниот фонд

Книжниот фонд на установата освен во просторните оддели за деца и возрасни, се чува во магацинскиот простор на катот. Стручни лица (библиотекарски помошници, самостојни библиотекарски помошници и библиотекари ...) коишто работат на издавање на литература од магацинот, покрај другите имаат обврска да го пријават секое оштетување и недостиг на делови (страници од книгите) на литература, со цел да се изврши репарација, заштита, со посебен акцент на раритетните примероци.
Оштетената литература, според досегашната практика по претходна пријава се носи во просторијата именувана како книговрзница, посебна просторија сместена во друг дел од објектот (дом на култура). Овде се санира оштетувањето, доколку е можно. Се врши темелна заштита и вкоричување, во зависност од степенот на оштетувањата.
Меѓутоа машината со која до неодамна се вршеше вкоричување и репарирање на оштетената литература којашто е **стара повеќе децении (машината е произведена во септември 1947 година)**, минатата 2022 година распука, поради долготрајната амортизација. Во очекување на точни информации дали овој дефект на машината може да се санира и колку би чинела набавката на нова машина, одлучено е најмногу оштетените делови од книги да се копираат, да се изработат посебни насловни страници за нив, со цел да се стават повторно во кондиција.

Планирани беа минатата година поголеми износи за вкоричување на најоштетните книги, но поради краткиот временски рок за да се реализира оваа набавка, средствата не се целосно искористени. Библиотеката годинава ќе побара да и бидат резервирани овие износи, со цел со ребаланс на буџетот повторно да „легнат“ на сметката на установата, за да може да се реализираат овие активности за заштита.

7.Уписна политика на Библиотеката

Имајќи го предвид фактот дека пандемијата изминативе три години постави дистанца меѓу еден од дел од читачката јавност и Библиотеката, од друга страна граѓаните почнаа да купуваат се повеќе книги и да создаваат домашни библиотеки. Но, сега доаѓа време кога установата треба перманентно да ја развива и усовршува уписната политика.

Задржување на активните, анимирање на пасивните читатели и воведување атрактивни модели на работа за привлекување на што поголем број нови читатели. Овие се приоритетите во уписната политика на Библиотеката, оваа 2023 година.

Овде вредно е да се напомене, дека во Библиотеката во Прилеп активно членуваат преку 4000 граѓани. Овој податок спореден со максималниот број од 32.000 читатели на ниво на држава, во сите 30-ет библиотеки, говори дека библиотеката „Борка Талески“ и во време на пандемии и кризи успеала да ги задржи своите читатели, да им понуди атрактивни содржини не само во делот на зајмувањето, туку и во програмскиот дел со квалитетна понуда на настани во кои аудиториумот има можност за уште поактивен однос кон културната понуда во градот.

Уписната политика е тесно поврзана со набавната политика на установата, така што стручниот совет во соработка со библиотечниот кадар којшто работи на пултовите за деца и возрасни, прави детален избор на новонабавена литература од сите издавачки куќи, со која што се настојува да се задоволат потребите, но и вкусовите на читачката јавност во двата оддела. Овој пристап ќе продолжи и годинава.

Во напорите да се постигне што поголема атрактивност кај читателите во поглед на квалитетот на услугите што се нудат, се врши континуирано осовременување на условите за работа во установата и процесите за издавање-зајмување литература. Во тие рамки и минатогодишните набавки за внатрешно уредување на пултот, за набавка на нови софтвери и дигитални системи за обработка и отчитување, систем за самоизвадање на книги... Сите овие инвестиции во опрема, треба да ја зголемат атрактивноста кај читачката јавност, освен што го олеснуваат процесот на работа.

До квалитетна услуга и атрактивна понуда на читателите, се доаѓа преку перманентна подобрување на сите аспекти во работата, оттука и во кадровска ангажираност, мобилност, како и постојано вложување во зголемување на стручноста и одржување на нивото на ангажираност на вработените.

Редовните обуки на вработените стојат високо на агендата во јакнење на кадровскиот потенцијал на установата. Ова особено во услови, кога голема е потребата од дополнителен колку стручен, толку административен кадар и помошно-технички персонал.

За да го оствари својот приоритет и натаму за да го држи приматот како културен центар во општината, која што ја анимира целата читачка јавност, установата спроведува утврдена уписна политика. Повеќе од 1,5 деценија не е променет износот на годишната членарина, во висина од 250 денари во одделот за возрасни.

За 2023 година се планира:

- ✓ согласно со законската регулатива членаринатa за деца, ученици, студенти и читатели од социјално загрозени семејства да биде по пониски цени;
- ✓ На домашна и адреса на домот за стари лица, со автомобил, ќе им се доставуваат книги на лицата со посебни потреби, на немоќните лица во трето доба во рамки на проектот „Со книга и со љубов за граѓаните во трето доба“. (Ова доколку конечно добиеме позитивен одговор на барањата испратени до Агенцијата за управување со одземен имот, за да добиеме возило за пренос на литература. Се разбира за да профункционира оваа новина се потребни и нови кадровски, технички и финансиски ресурси, за што ќе бидат барани донации);
- ✓ По примерот на 2022 г. и во 2023 година, ќе се збогатува маркетиншкиот материјал и активности на Библиотеката, кои што ќе ја зголемуваат видливоста на установата во општината. Маркетиншката стратегија на Библиотеката како што се потврди и во 2022 година и преку „press clipping“ алатката за проверка, ја зголеми видливоста во заедницата, анимирајќи ја не само прилепската, туку и поширокатa македонска јавност. Така што активностите на тој план ќе продолжат;
- ✓ Во соработка со издавачките куќи во земјава, ќе се организираат настани во насока на промоција на новите изданија и со присуство на поедини автори;
- ✓ Се организираат промотивни некомерцијални и комерцијални изложби на литература;
- ✓ Ќе се организираат средби со читателската публика;
- ✓ Изработка на годишен билтен на новонабавена литература. Во 2023

година ќе се вложи напор да се оддвојат средства за многу поатрактивна презентација на книжниот фонд во установата. Каталогот ќе биде илустриран, а покрај сигнатурата и инвентарниот број на библиотечната единица, читателот ќе има пред себе кратко сиже за делото што ќе биде презентирано. Ваквите каталози бараат поголем ангажман од библиотекарите, но ефектите секако ќе бидат многу поголеми. Установата располага со голем книжен и книжевен фонд којшто треба да биде презентиран пред читателите: жанровски, според авторот, како нова продукција и друга подетална класификација на литературата;

- ✓ Библиотеката има потреба од континуирано вложување и зголемување на можностите на веб страницата: www.biblioprilep.org.mk. Современото библиотекарство во светот од аспект на анимација на членови, бара постоење на веб страница со силна поддршка, која што може да понуди фонд на дигитална литература, онлајн плаќање на членаринаta, одржување на онлајн читачки клубови, објавување на видео и аудио содржини кои што анимираат што поголем број граѓани. Овој начин на работа придонесува и установата со својот делокруг на работа, во виртуелен свет да излезе од рамката на локална установа, што пак значи присуство на нашите случувања меѓу пошироката виртуелна понуда во светот, каде што наши реципиенти ќе бидат и Македонците иселеници на сите меридијани, што секако е голема придобивка. Реализацијата на овој дел од планот, секако е поврзана со доволно финансии. Но, наша обврска, иако сме непрофитна и буџетска установа е да бараме извори!

8. Примена на COBISS програмата и сите современи стандарди во дејноста

Во 2023 година ќе продолжи имплементацијата на последните новини во COBISS програмата, којашто во Библиотеката почна прв пат да се спроведува пред повеќе од 16 години. Стручниот кадар од Библиотеката во соработката со стручните кадри од НУБ „Св. Климент Охридски“-Скопје како сертифицирани обучувачи ќе бидат дел од нови едукации, со цел синхронизација на процесот на обработка на литературата со примена на современите стандарди во дејноста. Целта е стручните кадри да се стекнат со неопходните знаења за каталогизација на монографските публикации, сериски публикации, библиографии, COBISS зајмување и други предности што ги овозможува оваа дигитална програма која што се имплементира во

современото библиотечно работење и во странство.
Ќе продолжат едукациите на вработените во административната служба (но, пред се, неопходни се во овој оддел нови вработувања) со цел квалитетна и ефикасна имплементација на сите законски новини, кои се императивни за оваа дејност, како во сферата на сметководството, правните работи, човечките ресурси, јавни набавки, изразена е потребата од информатичар итн.
Установата во последните две-три години бележи значителен напредок во поглед на нејзино усогласување со потребите и новите регулативи, од аспект на изготвување на потребни акти, правилници, одлуки и други акти, со кои се имплементираат законски новини и прописи, кои што ја детерминираат библиотечната дејност. И годинава ќе продолжи усогласувањето на установата со регулативите во насока на што поквалитетно и поефикасно извршување на дејноста.
Архивските работи ќе се водат прописно и стручно.
Ќе се преземаат активности за спроведување на обврските од областа на заштитата и безбедноста.

***

Конечно, ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“- Прилеп во рамките на својот скромен буџет, планира обемни активности, со цел да ги задоволи потребите на корисниците на своите услуги, да го збогати културното книжевно наследство на градот и општината и да го одржи имиџот на установа – центар на културниот живот во Прилеп и Прилепско.

Директор Моника Талеска